РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-119/6
25.04. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 36 седница одржана на 27.04.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Енергетика и екологија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Енергетика и екологија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран машински инженер од областа на Енергетика и екологија / во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor of Science in Mechanical Engineering - Energy and Environment.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко-технолошки науки.

Научно – истражувачко поле: 214 Машинство, 205 Енергетика, 218 Регулација и управување со технолошки процеси, 225 Животна средина.

Научно – истражувачка област: 21416 Аеротехника, 21420 Механика на флуидите и струјно технички системи, 21421 Хидроенергетика, 21422 Автоматика, 21423 Регулациона техника, 20301 Агрегати и електрани, 20500 Енергетско и процесно машинство (Размена на топлина: повеќе фазни системи), 20501 Теорија и конструкција на енергетски машини (Парогенератори, Топлински турбини), 20502 Теорија и проектирање на енергетски постројки, 20503 Математичко моделирање и симулација на енергетски процеси, 20504 Термотехника и термотехнички апарати и постројки, 20505 Неконвенционални извори на енергија и технологии, 20506 Рационално користење на енергија, 20507 Мотори со внатрешно согорување, 20508 Погонски материјали (горива и технологии

за конверзија на енергија), 20509 Греење и климатизација и топлификациони системи, 20510 Ладилна техника и системи, 20511 Техничка термодинамика, 20513 Нуклеарна енергетика, 21800 Мерни сензори, интелегентни мерни конвертори и инструменти, 21801 Моделирање, симулација и анализа на комплексни и контролни системи, 21807 Компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси, 22500 Животна средина, 22505 Енергија, 22506 Отпадни материјали.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 60 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 02 - 133/16 од 27.01.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Енергетика и екологија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-108/7 од 28.01.2022 година (наш бр. 08 - 119/1 од 28.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 31-та седницата одржана на 09.02.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 119/3 од 16.05.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 36-та седница одржана на 27.04.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова